# ПРИЛОГ 1.

## МАТРИЦА НА ИНДИКАТОРИТЕ

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **I. ИНДИКАТОРИ НА ПЕРФОРМАНСИ** | | | | |
| Надлежности според закон | Закон за спречување корупција, Закон за спречување судир на интереси, Закон за заштита на укажувачите | | | |
| | **КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ** | | | |
| **ИП-1**<br>**ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДКСК** | Како ги оценувате квалитетот и сеопфатноста на информациите во однос на:<br>(Ве молиме користете ја скалата од 1 до 5, каде што 1 = лош квалитет и ограничени податоци и 5 = висок квалитет и детални податоци, 0- не е применливо);<br>• функции на ДКСК;<br>• ефикасноста во трошењето на буџетот во остварувањето на целите;<br>• капацитет на ДКСК да ги исполни своите активности;<br>• преземени мерки и активности во справување со конфликтот на интереси;<br>• преземени мерки и активности од страна на ДКСК за развој на антикорупциското законодавство;<br>• преземени мерки и активности од страна на ДКСК за превенција на корупција;<br>• преземени мерки и активности од страна на ДКСК во врска со следењето на анкетните листови;<br>• обуки. | Надлежности<br>Член 49 став 1 алинеа 11<br>• поднесува годишен извештај за својата работа и за преземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија, а го доставува до претседателот на државата, до Владата на Република Македонија и до средствата за јавно информирање. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Годишно |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИП-2**<br>ДАВАЊЕ МИСЛЕЊА ЗА ПРЕДЛОЗИ НА ЗАКОНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА | Број на мислења за нацрт-закони, амандмани и подзаконски акти од значење за спречување на корупцијата:<br>1. самоиницијативно вклучување во консултации, со давање забелешки и коментари;<br>2. по примени барања/ покани од институции надлежни за подготовка на предлог-закони. | Надлежности<br>Член 49 став 1 алинеа 3<br>• дава мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата. | Секундарни (канцелариски) истражувања; јавни бази на податоци/ годишни извештаи;<br>Собрание. | Квартално |
| **ИП-3**<br>СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА (АПЛ) | Број на подготвени мислења за закони во согласност со методологијата за АПЛ;<br>Број на прифатени мислења за закони во согласност методологијата за АПЛ;<br>Квалитетот (да се објасни во која насока) на подготвени мислења за закони во согласност методологијата за АПЛ. | | Експертска оценка | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | **НАДЗОР И КОНТРОЛА** | | | |
| **ИП-4**<br>СЛЕДЕЊЕ НА МОЖНИТЕ ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА, ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ И СРЕДСТВАТА НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ<br>• **ДКСК - сметаме дека мерење на квалитетот на извештајот е субјективна и немерлива работа** | Дали ДКСК подготовила посебен извештај за можни злоупотреби на буџетски средства, јавни фондови и средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал за финансирање на изборната кампања или други политички активности?<br>**Да/Не**<br>Прашањето за злоупотреби на буџетски средства или средства од јавни фондови, односно државен капитал било покренато од дваесет пратеници во Собранието на Република Македонија?<br>**Да/Не**<br>Квалитет на посебниот извештај<br>Квалитетот на извештајот и деталноста на информациите се оценува на скалата од 1 до 5, каде 1= низок квалитет и ограничени детали и 5= висок квалитет и детални информации; 0 = не е применливо | Утврдување злоупотреба на буџетските средства и средствата од јавни фондови<br>**ЧЛЕН 12**<br>(1) Кога постојат основи за сомневање дека буџетските средства или средствата од јавни фондови, или средствата од јавни претпријатија и јавни установи или други правни лица што располагаат со државен капитал, се непосредно или посредно, преку инвестициски работи или на друг начин користени за изборна кампања или воопшто за финансирање изборна и друга политичка активност, Државната комисија презема мерки за утврдување на таквите сомневања.<br>(2) Доколку Државната комисија утврди дека сомневањата од ставот 1 на овој член се основани, за тоа ќе ги извести надлежните органи и ќе побара од нив да преземат активности во рамките на нивните надлежности.<br>(4) Прашање за злоупотреба на буџетски средства или средствата од јавни фондови, односно државен капитал, можат да покренат и дваесет пратеници во Собранието на Република Македонија. Во таков случај Собранието формира анкетна комисија што постапува на начин предвиден во член 17 на овој закон. | Секундарни (канцелариски) истражувања;<br>Барање пристап до информации од јавен карактер од Собранието. | По избори;<br>Очекувани локални избори во мај 2017 |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИП-5**<br>**СЛЕДЕЊЕ НА СЛУЧАИ ЗА ПРИВИЛЕГИИ ИЛИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОДНОС НА ДОГОВОРИТЕ, ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И ДРУГИТЕ ЗДЕЛКИ ПО ИЗБОРИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА** | Дали ДКСК го подготвила извештајот за случаите во кои утврдила привилегии или дискриминација по завршување на изборите?<br>**Да/Не**<br>Колкава е штетата од утврдените привилегии или дискриминација – по буџетот, по институцијата каде е утврден, по корисниците на услуги, по граѓаните, по квалитетот на работење на институцијата?<br>Како се оценува квалитетот и корисноста на извештаите?<br>• Извештајот има слаб квалитет и третира прашања од мала важност;<br>• Извештајот е со добар квалитет и дава некои информации, кои може да се користат во борбата против корупцијата;<br>• Извештајот е со многу висок квалитет и дава клучни информации кои сигурно ќе помогнат во борбата против корупцијата. | Привилегирање или дискриминација по изборите<br>**ЧЛЕН 15**<br>(1) Државната комисија може да врши увид во сите договори, јавни набавки и други зделки поврзани со остварување профит склучени, односно извршени по завршувањето на изборите за изборот на претседател на државата, изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија или локалните избори, меѓу државни органи, органи на локалната самоуправа, јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал со домашни или со странски правни лица, како и сите дозволи, концесии и други одлуки со кои на правни лица им се признаваат права или повластици определени со закон или им се одземаат или ограничуваат таквите права или повластици.<br>(2) Доколку Државната комисија утврди привилегии или дискриминација по однос на договорите, јавните набавки и другите зделки од став (1) на овој член, ќе побара од надлежните органи да преземат мерки и активности во рамките на нивните надлежности. | Секундарни (канцелариски) истражувања;<br>Барање пристап до информации од јавен карактер;<br>Експертска оценка. | По секои избори;<br>Годишно. |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| **ИП-6**<br>ПОСТАПУВАЊЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО ИЗБОРЕН ПРОЦЕС | Број на барани и дадени мислења доставени од институции во врска со дејствија врзани со располагање со буџетски средства за време на изборниот процес.<br>Квалитетот на барани и дадени мислења доставени од институции во врска со дејствија врзани со располагање со буџетски средства за време на изборниот процес. | Забрана за нови инвестиции и вонредни исплати<br>**ЧЛЕН 11**<br>(1) Од донесувањето на одлуката за распишување избори па сè до завршувањето на изборот за претседател на Република Македонија, за пратеници во Собранието на Република Македонија, како и за избор на градоначалник или членови на советот на општините и на градот Скопје не можат да се користат буџетски средства на Република Македонија, средства од буџетите на на општините и градот Скопје, од јавни фондови и средства на јавни претпријатија и јавни установи или правни лица што располагаат со државен капитал, освен ако тоа  поинаку не е утврдено со закон со кој се уредува финансирањето на изборните кампањи на политичките партии. | | За време на изборен процес |
| **ИП-7**<br>ПОКРЕНУВА ИНИЦИЈАТИВА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ | Број на покренати иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии.<br>„Вредноста“ на покренати иницијативи.<br>Број на покренати иницијативи за партии на власта и по број на мандати на партија.<br>Број на покренати иницијативи за партии во опозиција, по големина на партија и по број на мандати на партија.<br>Колкава е штетата од сомничено и/или утврдено незаконско финансиско-материјално работење – по буџетот, по институцијата каде е утврден, по корисниците на услуги, по граѓаните, по квалитетот на работење на политичките партии? | Надлежности<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 1 АЛИНЕА 4**<br>• покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии, на синдикатот и на здруженијата на граѓани и фондации. | Секундарни (канцелариски) истражувања; јавни бази на податоци/ годишни извештаи. | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | **НАДЗОР И КОНТРОЛА ВРЗ ЈАВНИ ФУНКЦИОНЕРИ** | | | |
| **ИП-8**<br>**ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ, РАСПОРЕДУВАЊЕ, СМЕНУВАЊЕ, ИЛИ ПРИМЕНА НА ДРУГИ МЕРКИ НА ОДГОВОРНОСТ НА ИЗБРАНИ ИЛИ ИМЕНУВАНИ ЛИЦА, СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ИЛИ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ** | Број на покренати иницијативи за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување, или примена на други мерки на одговорност на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал.<br><br>Ниво на покренати иницијативи за институции врз основа на нивно ниво во политичкиот систем:<br>• Врвно ниво<br>• Високо ниво<br>• Средно<br>• Ниско<br><br>Дефиницијата е преземена од анализата „Дали антикорупцискиот модел дава резултати во Македонија?”“<br><br>Колкава е штетата од сомничена и/или утврдена злаупотреба – по буџетот, по институцијата каде е утврдена, по корисниците на услуги, по граѓаните, по квалитетот на работење на институцијата? | Надлежности<br><br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 1 АЛИНЕА 5 (А ВО ВРСКА СО ЧЛЕН 36)**<br><br>• покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување, или примена на други мерки на одговорност на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал. | Секундарни (канцелариски) истражувања; Барања пристап до информации; јавни бази на податоци. | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИП-9**<br>**ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ИЗБРАНИ ИЛИ ИМЕНУВАНИ ЛИЦА, СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ИЛИ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЈАВНИ УСТАНОВИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ** | Број на покренати иницијативи за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал.<br>Ниво на покренати иницијативи за институции врз основа на нивно ниво во политичкиот систем:<br>• Врвно ниво<br>• Високо ниво<br>• Средно<br>• Ниско<br>Дефиницијата е преземена од анализата „Дали антикорупцискиот модел дава резултати во Македонија?”“<br>Колкава е штетата од сомничена и/или утврдена злаупотреба – по буџетот, по институцијата каде е утврдена, по корисниците на услуги, по граѓаните, по квалитетот на работење на институцијата? | Надлежности<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 1 АЛИНЕА 6**<br>• покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал. | Секундарни (канцелариски) истражувања; Барања пристап до информации; јавни бази на податоци/ годишни извештаи. | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИП-10**<br>**ЕВИДЕНЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИТЕ ЗА ПРОМЕНА НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ИЗБРАНИТЕ И ИМЕНУВАНИТЕ ЛИЦА, ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ВО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ, ЈАВНА УСТАНОВА ИЛИ ДРУГО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ РАСПОЛАГА СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ** | Унапреден евиденциски систем на анкетни листови и пријавена промена на анкетни листови.<br>Број и категории на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал кои поднеле анкетен лист.<br>Број на поднесени пријави за промени во имотната состојба.<br>Број на поднесени пријави против лица кои не пополниле и поднеле анкетен лист.<br>Број на поднесени пријави во случаи на необјасниви промени на имотот.<br>Број на поднесени пријави против лица кои не пополниле и поднеле анкетен лист.<br>Ниво на поднесени пријави врз основа на нивно ниво во политичкиот систем:<br>• Врвно ниво<br>• Високо ниво<br>• Средно<br>• Ниско | Обврска за пријавување имот<br>**ЧЛЕН 33**<br>(1) Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, при изборот или именувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот или именувањето, пополнува анкетен лист со детален попис на недвижниот имот, подвижните предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова сопственост, или сопственост на членовите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот и депонира заверена изјава од нотар за откажување од заштита на банкарска тајна во однос на сите сметки во домашни и во странски банки.<br>(2) Лицето од ставот 1 на овој член има обврска да пополни анкетен лист во рок од 30 дена по престанувањето на функцијата.<br>(3) Лицето од ставот 1 на овој член, анкетните листови од ставовите 1 и 2 на овој член и изјавата од ставот 1 на овој член ги доставува до Државната комисија и Управата за јавни приходи.<br>Пријавување на промени во имотната состојба | Податоците добиени од ДКСК ќе се споредат со податоците достапни на<br>https://data-mkopen.rhcloud.com/ | Квартално;<br>По изборите. |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | | **ЧЛЕН 34**<br>(1) Избрано или именувано лице, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал е должно во рок од 30 дена да го пријави секое зголемување на неговиот имот, односно на имотот на член на неговото семејство, како што е изградба на куќа или други објекти, купување недвижности, хартии од вредност, автомобил или други подвижни предмети во вредност што надминува износ од дваесет просечни нето-плати во претходниот тримесечен период.<br>(2) Кон пријавата што се доставува до Државната комисија и Управата за јавни приходи се приложува и договор или друг документ што е основа за располагање со имотот, како и документ за начинот на извршеното плаќање. | | |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИП-11**<br>ПОКРЕНАТИ СЛУЧАИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ | Број и категории на покренати случаи.<br>Број на поднесени пријави.<br>Ниво на поднесени пријави:<br>• Врвно ниво<br>• Висок ниво<br>• Средно<br>• Ниско<br>Во случај кога се објавени информации за побарани мислења за случаи каде што постои сомневање за судир на интереси, тогаш:<br>Како ќе се оценуваат квалитетот и сеопфатноста на информациите за побарани мислења за случаи каде што постои сомневање за судир на интереси, објавени од страна на ДКСК? Користете ја скалата од 1 до 5, каде што 1= најслаб квалитет и ограничени податоци, 5 = висок валитет, 0 = не еприменливо. | Закон за спречување судир на интереси<br>XIII. Обврска за известување на јавноста за случаите на судир на интереси<br>**ЧЛЕН 30**<br>1) Државната комисија ја известува јавноста за случаите на судир на интереси по кои таа постапувала, во согласност со закон.<br>2) Државната комисија е должна податоците до кои дошла при водење на постапката да ги чува од злоупотреби за дискриминирање или омаловажување на службеното лице. | Секундарни (канцелариски) истражувања;<br>Експертска оценка. | Квартално |
| **ИП-12**<br>ЦЕЛОСНОСТ И АКТУЕЛНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА | Како ги оценувате податоците објавени во регистарот во однос на следните карактеристики:<br>• целосни информации за секој податок (1 = само минимум достапни податоци, 5 = сите потребни податоци се достапни);<br>• актуелност (1 = податоците се ажурираат повремено, 5 = податоците се ажурираат редовно). | Регистар на избрани и именувани лица<br>**ЧЛЕН 35-В**<br>(1) Податоците што се внесуваат во Регистарот претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.<br>(2) Податоците од Регистарот кои не се заштитени со закон се објавуваат на веб-страницата на Државната комисија. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИП-13**<br>**ПОСТАПУВАЊА ПО ПРИЈАВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ УДЕЛИ ИЛИ АКЦИИ** | Ако се објавени информации за такви извештаи, тогаш:<br>Како ќе ги оцените квалитетот и сеопфатноста на информациите во однос на извештаите за стекнати удели или акции?<br>Користете ја скалата од 1 до 5, каде што 1 = слаб квалитет и ограничени податоци и 5 = висок квалитет и детални податоци; 0 = не е применливо. | | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |
| **ИП-14**<br>**ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИ ИЛИ ОД ПРАВНИ ЛИЦА НЕЗАДОВОЛНИ ОД ОДЛУКА ДОНЕСЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ДИСКРЕЦИСКО ОВЛАСТУВАЊЕ И КОИ СМЕТААТ ДЕКА ТАА ОДЛУКА Е ДОНЕСЕНА ПОРАДИ КОРУМПИРАНОСТ** | Потребно е да се оценува степенот на јавно достапни информации, но и дали непостоењето на такви информации се должи на непостоење на такви случаи во пракса или на непријавување на постоечките случаи.<br>Дали ДКСК објавува информации за (не)постоење претставки за одлуки за кои граѓанин или правно лице смета дека именувано, избрано или службено лице во вршење на своите дискрециски овластување донело такви одлуки поради корумпираност?<br>• Да, редовно се објавуваат информации на веб-страницата;<br>• Да, објавува информации во нејзиниот годишен извештај;<br>• Да, објавува информации во официјачлите пишани извештаи/ документи кои се достапни на барање или на лице место;<br>• Не, нема дстапни информации дали имало такви претставки или не. | Вршење дискрециски овластувања<br>**ЧЛЕН 43**<br>(1) Во вршењето дискрециски овластувања секое избрано или именувано лице или службено лице е должно одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и праведност.<br>(2) Граѓанин или правно лице што е незадоволно од одлуката донесена врз основа на дискрециско овластување и кое смета дека таа одлука е донесена поради корумпираност, може да поднесе претставка пред Државната комисија.<br>(3) Државната комисија е должна да ја разгледа претставката и во рок од 30 дена од нејзиниот прием да го извести физичкото или правното лице за постапувањето по претставката. | Секундарни (канцелариски) истражувања;<br>Барање пристап до информации од јавен карактер. | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | **НАДЗОР И КОНТРОЛА ВРЗ СИНДИКАТИТЕ И ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ** | | | |
| **ИП-15**<br>**ПОКРЕНУВА ИНИЦИЈАТИВА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА СИНДИКАТОТ** | Број на покренати иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на синдикатите.<br>„Вредноста“ на покренати иницијативи.<br>Основата за покренување инцијатива е јасна и објективна.<br>Колкава е штетата од сомничено и/или утврдено незаконско финансиско-материјално работење – по буџетот, по институцијата каде е утврден, по корисниците на услуги, по граѓаните, по квалитетот на работење на синдикатите? | Надлежности<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 1 АЛИНЕА 4**<br>• покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии, на синдикатот и на здруженијата на граѓани и фондации. | Секундарни (канцелариски) истражувања; јавни бази на податоци/ годишни извештаи. | Квартално |
| **ИП-16**<br>**ПОКРЕНУВА ИНИЦИЈАТИВА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ И НА ФОНДАЦИИТЕ** | Број на покренати иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на здруженијата на граѓани и на фондациите.<br>„Вредноста“ на покренати иницијативи.<br>Основа за покренување инцијатива е јасна и објективна.<br>Колкава е штетата од сомничено и/или утврдено незаконско финансиско-материјално работење – по буџетот, по институцијата каде е утврден, по корисниците на услуги, по граѓаните, по квалитетот на работењето на здруженијата на граѓани и на фондациите? | Надлежности<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 1 АЛИНЕА 4**<br>• покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии, на синдикатот и на здруженијата на граѓани и на фондациите. | Секундарни (канцелариски) истражувања; јавни бази на податоци;<br>Барање пристап до информации од јавен карактер. | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | **НАДЗОР И КОНТРОЛА ВРЗ СПРОВЕДУВАЊЕТО ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ** | | | |
| **ИП-17** АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ПРЕЗЕМЕНИ ОД ДКСК КАКО ОДГОВОР НА ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА НИВНА ЗАШТИТА | Оценка на квалитетот и сеопфатноста на информациите за активности и мерки преземени од ДКСК како одговор на поднесени пријави од укажувачи за необезбедена нивна заштита преку користење на скалата од 1 до 5 каде 1 = слаб квалитет и ограничени податоци и 5 = висок квалитет и детални информации и 0 = не е применливо. | Закон за заштита на укажувачите<br>**ЧЛЕН 8 СТАВ 3**<br>Доколку не е обезбедена заштитата од ставот 2 на овој член, укажувачот за ова пријавува во Државната комисија за спречување корупција, до Народниот правобранител на Република Македонија, до Инспекцискиот совет, до Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република Македонија, кои по пријавата без одлагање постапуваат согласно своите надлежности. | Секундарни (канцелариски) истражувања; јавни бази на податоци; Барање пристап до информации од јавен карактер. | Квартално |
| | **НАДЗОР И КОНТРОЛА ВРЗ ОСНОВА НА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ** | | | |
| **ИП-18** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ ОД ГРАЃАНИ И ПРАВНИ ЛИЦА | | Начело на еднаквост<br>**ЧЛЕН 4 СТАВ 3**<br>(3) Секој има право да спречи или да пријави постапка што претставува користење на функцијата, јавните овластувања, службената должност и положба, со која се остварува лична корист или му се нанесува штета на друг, без да трпи какви и да било последици. | Секундарни (канцелариски) истражувања;<br>Барање пристап до информации од јавен карактер. | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | **СОРАБОТКА** | | | |
| **ИП-19** СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СТРАНСТВО | Број на одржани состаноци. | Програма за работа на Државната комисија за спречување корупција за 2017 година Цел 12. Развивање и унапредување на соработката меѓу потписниците на трите документи:<br>Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси,<br>Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со граѓанските организации и Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со приватниот сектор.<br>**Активност 1:** Вклучување на потписниците на Протоколот за соработка, како и претставниците на приватниот и на невладиниот сектор во сите сегменти од работењето каде има потреба и простор. | Секундарни (канцелариски) истражувања;<br>Информации добиени од ДКСК;<br>Анкети испратени до потписниците на трите документи. | Квартално |
| **ИП-20** СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР | Број на одржани состаноци со граѓански организации.<br>Број на граѓански организации присутни на состаноци. | | | |
| **ИП-21** СОРАБОТКА СО БИЗНИС-СЕКТОРОТ | Број на одржани состаноци со бизнис-заедницата. | | | |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | **ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ** | | | |
| **ИП 22**<br>**ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ НА ПЛАНОТ НА ЕДУКАЦИЈАТА НА ОРГАНИТЕ, НАДЛЕЖНИ ЗА ОТКРИВАЊЕ И ГОНЕЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ДРУГИТЕ ВИДОВИ КРИМИНАЛ** | Број на одржани обуки.<br>Број на учесници на обуки. | Надлежности<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 1 АЛИНЕА 14**<br>• презема активности на планот на едукацијата на органите, надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови криминал | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |
| **II. ИНДИКАТОРИ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ** | Индикаторите на транспарентност имаат достапност и пристапност на информациите на веб-страницата поврзани со работата на ДКСК до јавноста. | | | |
| **ДЕ ЈУРЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ** | Законски наведени обврски на Комисијата за објавување на одредени материјали на веб-страницата. | | | |
| | **КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ** | | | |
| **ИТ-1**<br>**ОБЈАВЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДКСК И ЗА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | Дали ДКСК го објавува годишниот извештај за својата работа и за преземените мерки и активности?<br>**Да/Не**<br>Каде се објавени извештаите?<br>• на веб-страницата?<br>• во медиумите? | Надлежност<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 1 АЛИНЕА 11**<br>• поднесува годишен извештај за својата работа и за преземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија, а го доставува до претседателот на државата, до Владата на Република Македонија и до средствата за јавно информирање.<br>(2) Државната комисија ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за нивните резултати. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Годишно |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | **НАДЗОР И КОНТРОЛА** | | | |
| **ИТ-2**<br>**ПРИСТАП ДО РЕГИСТАРОТ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА** | Нивото на транспарентност не зависи само од достапноста на податоците, туку и од начинот на пристап и од форматот во кој се дадени податоците. Пристап до цел комплет на податоци во структурирана база на податоци нуди највисока транспарентност поради тоа што овозможува автоматски анализи.<br>Каков пристап до податоците во Регистарот нуди ДКСК на нивната веб-страница?<br>• можност да се пребарува по име или друг клучен збор во постоечката база на податоци (30%);<br>• можност да се зачува целата база на податоци со цел да се прави компјутерска анализа/обработка на податоците (50%);<br>• можност да се прави детална проверка на секој податок одделно (20%). | Регистар на избрани и именувани лица<br>**ЧЛЕН 35-Б**<br>(1)Државната комисија води регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал (во натамошниот текст: Регистарот).<br>**ЧЛЕН 35-В**<br>(1) Податоците што се внесуваат во Регистарот претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.<br>(2) Податоците од Регистарот кои не се заштитени со закон се објавуваат на веб-страницата на Државната комисија. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИТ-3**<br>ОБЈАВЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИ ЗА ПРОМЕНА ВО ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА НА ДКСК.<br>• **ДКСК: Објаснување: Се објавуваат сите АЛ на актуелните функционери, историјата на веб-страницата не се гледа, во електронската база на ДКСК постои историја на сите АЛ и истата се врзува со лица. Изготвен е софтвер кој ќе ги прикажува сите промени на имотната состојба на избраните лица на веб-страницата.** | Дали ДКСК ги објавува на нејзината веб-страница:<br>1. анкетните листови?<br>• **Да/ Не**<br>2. пријавите за промена во имотната состојба?<br>• **Да / Не** | Јавност на анкетниот лист и на пријавата за промена во имотната состојба<br>**ЧЛЕН 35**<br>(2) Податоците од анкетните листови и од пријавите за промена во имотната состојба, освен податоците заштитени со закон на лицата од членот 33 став 1 на овој закон, се објавуваат и на веб-страницата на Државната комисија. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| **ИТ-4**<br>ОБЈАВЕН ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА МОЖНИТЕ ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА, ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ И СРЕДСТВАТА НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА ИЛИ ВООПШТО ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗБОРНА И ДРУГА ПОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ.<br>• **ДКСК - Појаснување: Ваков извештај се подготвува само доколку се констатирани злоупотреби на буџетски средства или средства од јавни фондови.** | Доколку го подготвила, дали ДКСК го објави извештајот за злоупотреби на државни средства за изборна кампања или воопшто за финансирање изборна и друга политичка активност?<br>• Да, го објави во медиумите;<br>• Да, го објави на веб-страницата;<br>• Да, го објави и е достапен во печатена верзија;<br>• Не, не го објави.<br>Дали ДКСК ги известила надлежните органи и побарала од нив да преземат активности за утврдени сомневања дека буџетските средства или средствата од јавни фондови, или средствата од јавни претпријатија и јавни установи или други правни лица што располагаат со државен капитал, се непосредно или посредно, преку инвестициски работи или на друг начин, користени за изборна кампања или воопшто за финансирање изборна и друга политичка активност?<br>**Да/Не** | Утврдување злоупотреба на буџетските средства и средствата од јавни фондови<br>**ЧЛЕН 12**<br>(1) Кога постојат основи за сомневање дека буџетските средства или средствата од јавни фондови, или средствата од јавни претпријатија и јавни установи или други правни лица што располагаат со државен капитал, се непосредно или посредно, преку инвестициски работи или на друг начин користени за изборна кампања или воопшто за финансирање изборна и друга политичка активност, Државната комисија презема мерки за утврдување на таквите сомневања.<br>(2) Доколку Државната комисија утврди дека сомневањата од ставот 1 на овој член се основани, за тоа ќе ги извести надлежните органи и ќе побара од нив да преземат активности во рамките на нивните надлежности.<br>(3) Државната комисија најдоцна во рок од три месеца од денот на завршувањето на изборите му доставува посебен извештај на Собранието на Република Македонија за можните злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средствата на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал. Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање. | Секундарни (канцелариски) истражувања;<br>Барање за пристап до информации од јавен карактер (Јавно обвинителство, МВР... ). | По секои избори; Годишно. |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИТ-5**<br>**ОБЈАВЕН ИЗВЕШТАЈ ВО СРЕДСТВАТА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ИЗВРШЕН УВИД ВО ДОГОВОРИ, ЈАВНИ НАБАВКИ И ДРУГИ ЗДЕЛКИ ПОВРЗАНИ СО ОСТВАРУВАЊЕ ПРОФИТ СКЛУЧЕНИ, ОДНОСНО ИЗВРШЕНИ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ИЗБОРИТЕ И УТВРДЕНИ ПРИВИЛЕГИИ ИЛИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОДНОС НА ДОГОВОРИТЕ, ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И ДРУГИТЕ ЗДЕЛКИ.** | Дали ДКСК го објавува извештајот?<br>• Да, до 30 дена по изборите;<br>• Да, но подоцна од 30 дена по изборите;<br>• Не;<br>• Не постои извештај затоа што не е извршен увид.<br>Во кои средства за јавно информирање беше објавен извештајот?<br>• во медиумите;<br>• на веб-страницата;<br>• е достапен во печатена верзија.<br>Број на прегледи доколку е достапна информација. | Привилегирање или дискриминација по изборите<br>**ЧЛЕН 15**<br>(3) За извршениот увид од ставот 1 на овој член Државната комисија во рок од 30 дена му доставува извештај на Собранието на Република Македонија. Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање. | Секундарни (канцелариски) истражувања | По секои избори; Годишно. |
| **ИТ-6**<br>**ОБЈАВУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА СЛУЧАИТЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ПО КОИ ПОСТАПУВА ДКСК И МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ ГИ ПРЕЗЕЛА** | Дали ДКСК ја известува јавноста за случаи на судир на интереси и за преземените мерки и активности, во последните три месеци?<br>• Да, редовно објавува информации на веб-страницата на ДКСК;<br>• Да, редовно испраќа соопштенија (информации) до електронски и/или печатени медиуми;<br>• Да, објавува информации во документи/ извештаи кои се достапни на лице место или на барање;<br>• Не, не објавува информации за случаи на судир на интереси. | Закон за спречување судир на интереси<br>XIII. Обврска за известување на јавноста за случаите на судир на интереси.<br>**ЧЛЕН 30**<br>(1) Државната комисија ја известува јавноста за случаите на судир на интереси по кои таа постапувала, во согласност со закон. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИТ-7**<br>ОБЈАВЕН НАЦРТ-АКТ ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР<br>• **ДКСК: Како индикатор се брише. Донесен е Правилникот за заштитено внатрешно пријавување од страна на министерот за правда.** | Дали ДКСК објавила на својата веб-страница нацрт-акт за заштита на внатрешно пријавување во јавниот сектор?<br>• **Да / Не** | Закон за заштита на укажувачите Заштитено внатрешно пријавување<br>**ЧЛЕН 4**<br>(5) Заштитеното внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор се уредува со акт што на предлог на Државната комисија за спречување корупција го донесува министерот за правда. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Не се следи понатака, бидејќи е исполнет |
| **ИТ-8**<br>ДОСТАПНОСТ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИТЕ | Дали ДКСК објавува информации за (не)примени пријави од укажувачи?<br>• **Да/ Не**<br>Ако да, дали ДКСК доставил посебен годишен извештај за примени пријави од укажувачи до Собранието?<br>• **Да/ Не** | Закон за заштита на укажувачите<br>Заштитено внатрешно известување за примени пријави од укажувачи<br>**ЧЛЕН 15**<br>(2) Државната комисија за спречување корупција и Министерството за правда се должни до Собранието на Република Македонија да доставаат посебни годишни извештаи за примени пријави од укажувачи. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Годишно |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | **ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ** | | | |
| **ИТ-9**<br>ЈАВНО ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ДКСК<br><br>ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ | Дали ДКСК ги објавува редовно - на веб-страница, преку соопштенија и прес-конференции следните видови информации:<br>• ад хок документи;<br>• мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата;<br>• информации за јавни средби/ состаноци, вклучително и информации за дневниот ред, донесени одлуки и преземени активности;<br>• Информации за преземени активности, поднесени иницијативи и постапки за проверка и контрола на случаи со корупција или конфликт на интереси, како и информации за добиени соодветни одговори и преземени одговори од други институции кои претходно биле овластени да постапуваат од ДКСК;<br>• информации за партнерства и заеднички активности со други институции за справување со корупцијата и конфликтот на интереси.<br>Активности поврзани со објавување инфромации, без оглед на тоа дали нивното објавување е обрзувачко со закон или не | **ЧЛЕН 49**<br>(2) Државната комисија ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за нивните резултати. | Секундарни (канцелариски) истражувања;<br>Директни податоци од ДКСК и/или другите поврзани институции за прашањата каде е потребна соработка. | Квартално |
| | **КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ** | | | |
| **ИТ-10**<br>ОБЈАВЕНИ ГОДИШНИ ПРОГРАМИ И ПЛАНОВИ ЗА РАБОТАТА НА ДКСК ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА | Дали ДКСК има објавено годишна програма и планови за работа за тековната година?<br>• Да, објавени се на веб-страницата;<br>• Да, достапна е само во печатена форма;<br>• Не, не е достапна/ објавена. | Надлежност<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 1 АЛИНЕА 2**<br>• донесува годишни програми и планови за работата на Државната комисија. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Годишно |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИТ-11**<br>**ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСЛЕЊА НА ДКСК ЗА ПРЕДЛОЗИ НА ЗАКОНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ПО СПРОВЕДЕНА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА** | Се проценува степенот на јавно достапни информации за мислења за предлози на закони кои ги дала ДКСК.<br>Дали ДКСК дала мислење за предлози на закони од значење за пречување на корупцијата во последните 12, односно 3 месеци?<br>• Да, мислењата се објавени на веб-страницата;<br>• Да, објавена е информација на веб-страницата дека ДКСК дала мислење за предлог на некој закон, но не е објавено мислењето;<br>• Не. | Надлежности<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 1 АЛИНЕА**<br>• дава мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата. | Секундарни (канцелариски) истражувања;<br>Барање за пристап до информации од јавен карактер. | Квартално (годишно) |
| **ИТ-12**<br>**ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА (АПЛ)** | Објавена Методологијата АПЛ на веб-страницата на ДКСК.<br>Објавени мислења за поединечни проверени закони во согласност Со Методологијата за АПЛ.<br>Објавен годишен извештај за проверените закони во согласност со Методологијата за АПЛ. | | Секундарни податоци;<br>Барање за пристап до информации од јавен карактер. | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | **НАДЗОР И КОНТРОЛА** | | | |
| **ИТ-13**<br>**ЈАВНО ДОСТАПНИ ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ ВО РЕГИСТАРОТ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА** | Постоењето на „историја на промени“, односно историски податоци за промени на информации за секој од записите, овозможува анализа на промените кои настанале, а исто така овозможува оценување на веродостојноста и актуелноста на податоците за одреден запис.<br><br>Дали регистарот на избрани и именувани лица има „историја на промени“ која дозволува преглед за почетокот и на крајот на извршување на функцијата на секое избрано и именувано лице?<br>• Да / Не | Регистар на избрани и именувани лица<br>**ЧЛЕН 35-Б**<br>(1)Државната комисија води регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал (во натамошниот текст: Регистарот).<br>**ЧЛЕН 35-В**<br>(1) Податоците што се внесуваат во Регистарот претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.<br>(2) Податоците од Регистарот кои не се заштитени со закон се објавуваат на веб-страницата на Државната комисија. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |
| **ИТ-14**<br>**ПРИСТАП ДО АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИТЕ ЗА ПРОМЕНА ВО ИМОТНАТА СОСТОЈБА, ОБЈАВЕНИ ОД СТРАНА НА ДКСК** | Каков вид на достапност на податоците од анкетните листови нуди ДКСК?<br>• Можност да се пребарува по име или по друг клучен збор (30%);<br>• Можност да се зачува целата база на подаотци со цел да се прави компјутерска обработка на податоците (50%);<br>• Можност детално да се провери секој од податоците (20%).<br>Јавно достапни историски податоци за анкетните листови и на пријавите за промена во имотната состојба.<br>Дали на веб-страницата се чува „историја на промени“ за секој од анкетните листови, што дозволува следење на промените за секој запис одделно?<br>• **Да/ Не** | Јавност на анкетниот лист и на пријавата за промена во имотната состојба<br>**ЧЛЕН 35**<br>(1) Податоците од анкетниот лист и од пријавата за промена во имотната состојба претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.<br>(2) Податоците од анкетните листови и од пријавите за промена во имотната состојба, освен податоците заштитени со закон на лицата од членот 33 став 1 на овој закон, се објавуваат на веб-страницата на Државната комисија. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИТ-15**<br>ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДНЕСЕНИ ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИН ИЛИ ПРАВНО ЛИЦЕ НЕЗАДОВОЛНИ ОД ОДЛУКА ДОНЕСЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ДИСКРЕЦИСКО ОВЛАСТУВАЊЕ И КОИ СМЕТААТ ДЕКА ТАА ОДЛУКА Е ДОНЕСЕНА ПОРАДИ КОРУМПИРАНОСТ.<br>• **ДКСК: Во моментов не е мерлив овој индикатор бидејќи во аналитиката за содржината за поднесените претставки не се издвојуваат како посебни** | Потребно е да се оценува степенот на јавно достапни информации, но и дали непостоењето на такви информации се должи на непостоење на такви случаи во пракса или на непријавување на постоечките случаи.<br>Дали ДКСК објавува информации за (не)постоење претставки за одлуки за кои граѓанин или правно лице смета дека именувано, избрано или службено лице во вршење на своите дискрециски овластување донело такви одлуки поради корумпираност?<br>• Да, редовно се објавуваат информации на веб-страницата;<br>• Да, објавува информации во нејзиниот годишен извештај;<br>• Да, објавува информации во официјалните пишани извештаи/ документи кои се достапни на барање или на лице место;<br>• Не, нема дстапни информации, дали имало такви претставки или не. | Вршење дискрециски овластувања<br>**ЧЛЕН 43**<br>(1) Во вршењето дискрециски овластувања секое избрано или именувано лице или службено лице е должно одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост.<br>(2) Граѓанин или правно лице што е незадоволно од одлуката донесена врз основа на дискрециско овластување и кое смета дека таа одлука е донесена поради корумпираност, може да поднесе претставка пред Државната комисија.<br>(3) Државната комисија е должна да ја разгледа претставката и во рок од 30 дена од нејзиниот прием да го извести физичкото или правното лице за постапувањето по претставката. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИТ-16**<br>**ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТРОЛА ДАЛИ НЕКОЕ СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ ВО РОК ОД ТРИ ГОДИНИ ПО ПРЕСТАНОКОТ НА ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ, ОДНОСНО ПО ПРЕСТАНОКОТ НА ВРАБОТУВАЊЕТО, СЕ ВРАБОТИЛО ВО ТРГОВСКОТО ДРУШТВО ВО КОЕ ВРШЕЛО НАДЗОР ИЛИ ИМАЛО ВОСПОСТАВЕНО КАКОВ БИЛО ДОГОВОРЕН ОДНОС ПРИ ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ.** | Дали во последните три месеци ДКСК објавило информации за конторла<br><br>Дали некое службеното по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности се вработило во трговското друштво во кое вршело надзор или имало воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности?<br><br>При вршењето на јавните овластувања или должности?<br>• Да, ги објавува редовно информациите за на својата веб-страница;<br>• Да, ги објавува информациите во своите годишни извештаи;<br>• Да, ја поседува информациијата во печатена форма, достапна по барање или за увид на лице место;<br>• Да, објавува повремено, или ад-хок инфромација за постоење пријави, било на веб-страница или на хартија;<br>• Не. | Закон за спречување судир на интереси<br><br>VII. Ограничување по напуштање на должноста<br><br>**ЧЛЕН 17**<br><br>1) Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може да се вработи во трговското друштво во кое вршело надзор или имало воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности.<br><br>2) Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може да стекне по кој било основ акции, односно удели во правното лице во кое работело, односно вршело надзор.<br><br>3) Ако службеното лице во рокот утврден во ставот 2 на овој член се стекне со акции, односно удели по пат на наследување, е должно тоа да го пријави до Државната комисија. | Секундарни (деск) истражувања | Квартално, една студија на случај во рамките на еден квартален извештај |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИТ-17**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ПОСТОЕЊЕ ИЛИ НЕПОСТОЕЊЕ ПРИЈАВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ПО КОЈ БИЛО ОСНОВ АКЦИИ, ОДНОСНО УДЕЛИ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ ВО КОЕ РАБОТЕЛО, ОДНОСНО ВРШЕЛО НАДЗОР СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ ПО ПРЕСТАНОК НА ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ.<br>• **ДКСК Коментар: Не се продуцираат ваков тип на извештаи.** | Дали во последните три месеци ДКСК објавило информации за постоење или непостоење пријави за стекнување по кој било основ акции, односно удели во правното лице во кое работело, односно вршело надзор службеното лице по престанок на вршењето на јавните овластувања или должности?<br>• Да, ги објавува редовно информациите за пријави на својата веб-страница;<br>• Да, ги објавува информациите во своите годишни извештаи;<br>• Да, ја поседува информациијата во печатена форма, достапна по барање или за увид на лице место;<br>• Да, објавува повремено, или ад-хок инфромација за постоење пријави, било на веб-страница или на хартија;<br>• Не. | Закон за спречување судир на интереси<br>VII. Ограничување по напуштање на должноста<br>**ЧЛЕН 17**<br>1) Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може да се вработи во трговското друштво во кое вршело надзор или имало воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности.<br>2) Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може да стекне по кој било основ акции, односно удели во правното лице во кое работело, односно вршело надзор.<br>3) Ако службеното лице во рокот утврден во ставот 2 на овој член се стекне со акции, односно удели по пат на наследување, е должно тоа да го пријави до Државната комисија. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално, една студија на случај во рамките на еден квартален извештај |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИТ-18**<br>**ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА ЗАШТИТА ВО СООДВЕТНАТА ИНСТИТУЦИЈА** | Дали ДКСК објавува информации за постоење или непостоење пријави од страна на укажувачи за необезбедување заштита во соодветната организација?<br>• Да, редовно објавуваат информации на веб-страницата;<br>• Да, објавуваат информации во годишниот извештај;<br>• Да, објавуваат информации во документи/ извештаи во писмена форма, кои се достапни по барање или на лице место;<br>• Не. | Закон за заштита на укажувачите<br>Обезбедување заштита на укажувачот<br>**ЧЛЕН 8 СТАВ 3**<br>Доколку не е обезбедена заштитата од ставот 2 на овој член, укажувачот за ова пријавува во Државната комисија за спречување корупција, до Народниот правобранител на Република Македонија, до Инспекцискиот совет, до Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република Македонија, кои по пријавата без одлагање постапуваат согласно своите надлежности..... | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИТ-19**<br>ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ПРЕЗЕМЕНИ ОД СТРАНА НА ДКСК КАКО ОДГОВОР НА ДОБИЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА НИВНА ЗАШТИТА | Дали ДКСК објавило некакви информации за активности и мерки преземени како одговор на добиени пријави за необезбедена заштита на укажувач во последните три месеци?<br>• Да;<br>• Не;<br>• Не, поради тоа што нема пријави од таков вид. | | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |
| **ИТ20**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СТРАНСТВО | Дали ДКСК објавува информации за соработка?<br>• Да, редовно објавуваат информации на веб-страницата;<br>• Да, објавуваат информации во годишниот извештај;<br>• Да, објавуваат информации во документи/ извештаи во писмена форма, кои се достапни по барање или на лице место;<br>• Не. | Програма за работа на Државната комисија за спречување корупција за 2017 година<br>Цел 12. Развивање и унапредување на соработката меѓу потписниците на трите документи:<br>Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси,<br>Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со граѓанските организации и Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со приватниот сектор.<br>**Активност 1:** Вклучување на потписниците на Протоколот за соработка, како и претставниците на приватниот и невладиниот сектор во сите сегменти од работењето каде има потреба и простор. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |
| **ИТ21**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ | | | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |
| **ИТ 22**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО БИЗНИС-СЕКТОРОТ НА ВЕБ СТРАНАТА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ | | | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | **ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ** | | | |
| **ИТ-23** РЕДОВНО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ НА ЈАВНОСТА | Се прави оценка на тоа колку ДКСК објавува информации за преземените активности и резултати во електронските и во печатените медиуми.<br>Колку често ДКСК објавила информации за нејзините активности и резултати во национални електронски и пишувани медиуми во последните 3 месеци?<br>• ниту еднаш;<br>• еднаш месечно или помалку;<br>• 2-3 пати месечно;<br>• 5-6 пати месечно;<br>• повеќе од 5 до 6 пати месечно. | Надлежности<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 2**<br>Државната комисија ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за нивните резултати. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |
| **ИТ-24** ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ОД ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА КОМИСИЈАТА | Дали ДКСК редовно објавува на својата веб-страница:<br>• најави за одржување седница и агенди од седницата;<br>• придружен материјал од седниците;<br>• записници од седниците;<br>• број на одржани седници наспроти објавени информации.<br>Дали седниците на Комисијата се јавни?<br>**Да/ Не.**<br>Процент на јавни седници. | Надлежности<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 2**<br>(2) Државната комисија ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за нивните резултати. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **III. ИНДИКАТОРИ НА ОТЧЕТНОСТ** | | | | |
| | **ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ИНСТИТУЦИИТЕ** | | | |
| **ИО-1**<br>**ПОДНЕСУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДКСК** | Поднесување и презентирање на годишниот извештај | Надлежности<br>**ЧЛЕН 49 СТАВ 1 АЛИНЕА 11**<br>• поднесува годишен извештај за својата работа и за преземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија, а го доставува до претседателот на државата, до Владата на Република Македонија и до средствата за јавно информирање. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Годишно |
| **ИО-2**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ НА УКАЖУВАЧИ** | Коментар: да се види (добра) пракса од регионот.<br>Доставување и презентирање на извештајот. | Закон за заштита на укажувачите<br>Известување за примени пријави од укажувачи<br>**ЧЛЕН 15 СТАВ 2**<br>Државната комисија за спречување на корупцијата и Министерството за правда се должни до Собранието на Република Македонија да достават посебни Годишни извештаи за примени пријави од укажувачи.... | Секундарни (канцелариски) истражувања<br>(Прашалник до ДКСК/ Собранието) | Годишно |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИО-3**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ДО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МОЖНИТЕ ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА, ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ И СРЕДСТВАТА НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ** | Доколку го подготвила, дали ДКСК поднела посебен извештај до Собранието?<br>• Да, извештјот беше доставен во рок од три месеци по завршувањето на изборите;<br>• Да, извештајот беше доставен по повеќе од три месеци по завршувањето на изборите;<br>• Не. | Утврдување злоупотреба на буџетските средства и средствата од јавни фондови<br>**ЧЛЕН 12 СТАВ 3**<br>Државната комисија најдоцна во рок од три месеца од денот на завршувањето на изборите му доставува посебен извештај на Собранието на Република Македонија за можните злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средствата на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал. Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање. | Секундарни (канцелариски) истражувања<br>(Прашалник до ДКСК/ Собранието) | По избори |
| **ИО-4**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ ИЗВЕШТАЈ ЗА УТВРДЕНИ СЛУЧАИ ЗА ПРИВИЛЕГИИ ИЛИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОДНОС НА ДОГОВОРИТЕ, ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И ДРУГИТЕ ЗДЕЛКИ** | Доколку подготвила таков извештај, дали ДКСК го доставила извештајот до Собранието?<br>• Да, извештајот беше доставен во рок од 30 дена по утврдувањето на постоење таков случај;<br>• Да, но извештајот беше доставен во рок подолг од 30 дена од утврдувањето таков случај;<br>• Не. | Привилегирање или дискриминација по изборите<br>**ЧЛЕН 15 СТАВ 3**<br>За извршениот увид од ставот 1 на овој член Државната комисија во рок од 30 дена му доставува извештај на Собранието на Република Македонија. Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање. | Секундарни (канцелариски) истражувања<br>(Прашалник до ДКСК/ Собранието) | По избори |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **ИО-5**<br>**СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОТОКОЛОТ ЗА АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ** | Број на одржани состаноци со институции потписници на Протоколот за спроведени активности. | Програма за работа на Државната комисија за спречување корупција за 2017 година<br>Цел 12. Развивање и унапредување на соработката меѓу потписниците на трите документи:<br>Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси.<br>**Активност 1:** Вклучување на потписниците на Протоколот за соработка, како и претставниците на приватниот и на невладиниот сектор во сите сегменти од работењето каде има потреба и простор. | Секундарни податоци, информации добиени од ДКСК, анкети испратени до потписниците на трите документи, барање за пристап до информации од јавен карактер. | Квартално |
| | **ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ЈАВНОСТА** | | | |
| **ИО-6**<br>**ВИД НА ИНФОРМАЦИИ КОИ ДКСК ГИ ДОСТАВИЛА ДО ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ И ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ЗА НЕЈЗИНИТЕ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ** | Каков вид информации ДКСК презентирала на јавноста преку печатените и електронските медиуми за нејзините активности и резултати?<br>• Ад хок информации за одредени случаи/ прашања (20%);<br>• Структурирани информации за главните активности/ резултати (50%);<br>• Мешавина од ад хок и структурирани информации (30%). | **ЧЛЕН 49 СТАВ 2**<br>Државната комисија ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за нивните резултати. | Секундарни (канцелариски) истражувања | Квартално |

| ИНДИКАТОР | ОПИС/ ДЕФИНИЦИЈА | РЕФЕРЕНТЕН ЧЛЕН ВО ЗАКОНОТ | НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ | ФРЕКФЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | **СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И СО БИЗНИС-СЕКТОРОТ** | | | Квартално |
| **ИО-7**<br>**СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР** | Број на одржани состаноци со граѓански организции.<br>Број на граѓански организации присутни на состаноци. | Програма за работа на Државната комисија за спречување корупција за 2017 година<br>Цел 12. Развивање и унапредување на соработката меѓу потписниците на трите документи:<br>...<br>Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со граѓанските организации.<br>...<br>**Активност 1:** Вклучување на потписниците на Протоколот за соработка, како и претставниците на приватниот и на невладиниот сектор во сите сегменти од работењето каде има потреба и простор. | Секундарни (канцелариски) истражувања, информации добиени од ДКСК, анкети испратени до потписниците, барање за пристап до информации од јавен карактер. | |
| **ИО-8**<br>**СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ СО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР** | Број на одржани состаноци со бизнис-заедницата. | Програма за работа на Државната комисија за спречување корупција за 2017 година<br>Цел 12. Развивање и унапредување на соработката меѓу потписниците на трите документи:<br>Меморандумот за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси потпишан со приватниот сектор.<br>**Активност 1:** Вклучување на потписниците на Протоколот за соработка, како и претставниците на приватниот и на невладиниот сектор во сите сегменти од работењето каде има потреба и простор. | Секундарни (канцелариски) истражувања, информации добиени од ДКСК, анкети испратени до потписници, барање за пристап до информации од јавен карактер. | |